## ЦАРЕ НЕБЕСНИ

Царе небесни, Утешителе, Духу на вистината, Кој Си секаде присутен и сѐ исполнуваш, Ризницо на добрините и Животодавче, дојди и насели се во нас, и очисти нѐ од секаква нечистотија и спаси ги, Благи, душите наши.

## ТРИСВЕТО

Свети Боже, Свети Силни, Свети Бесмртни помилуј нѐ. (3 пати)

Слава на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите. Амин.

Пресвета Троице помилуј нѐ. Господи очисти ги гревовите наши. Владико, прости ни ги беззаконијата наши. Свети, посети и исцели ги немоќите наши, заради Твоето име.

Господи помилуј. (3 пати)

Слава на Отца, и Сина, и Светиот Дух, сега и секогаш, и во вековите на вековите. Амин.

## ОТЧЕ НАШ

Отче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое, да дојде Царството Твое, да биде волјата Твоја како на небото така и на земјата. Лебот наш насуштен дај ни го денес и отпушти ни ги долговите наши како што и ние им ги отпуштаме на нашите должници и не воведувај нѐ во искушение, но избави нѐ од лукавиот.